**20261852879**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ

Врз основа на член 92 став 4 од Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај („Службен весник на Република Македонија'' бр.92/07, 161/09, 17/11, 54/11, 13/13, 163/13, 38/14, 166/14, 116/15, 193/15, 31/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.288/21, 170/24 и 101/25), министерот за транспорт, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ВОДЕЊЕ НА БАЗА НА ПОДАТОЦИ ЗА ИЗВРШЕНИТЕ ПРОВЕРКИ ПРИ ПРЕВОЗОТ НА ОПАСНИ МАТЕРИИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот за водење на база на податоци за извршените проверки при превозот на опасни материи.

Член 2

Образецот за водење на база на податоци за извршените проверки при превозот на опасни материи се печати во А-4 формат, на хартија во бела боја.

Формата и содржината на образецот од ставот 1 на овој член, се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на образецот за водење на база на податоци за извршените проверки при превозот на опасни материи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 122/07).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01 – 5893/1
4 август 2026 година
Скопје

Министер
за транспорт,
**Александар Николоски,** с.р.

Прилог

**Образец**
**за водење на база на податоци за извршените проверки при превозот на опасни материи**

Земја: ..................................................................  Година: .............................................................

| | | Место на регистрација на возилата | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Земја што ја извршува проверката | Други земји-членки на Европска Унија | Трети земји | |
| Број на транспортни единици, проверени врз основа на содржината на товарот (и на Европската спогодба за меѓународниот патен превоз на опасни материи (ADR)) | | | | | |
| Број на транспортни единици што не одговараат на Европската спогодба за меѓународниот патен превоз на опасни материи (ADR) | | | | | |
| Број на транспортни единици чие движење е запрено | | | | | |
| Број на регистрирани прекршоци, според ризичната категорија | Ризична категорија I | | | | |
| | Ризична категорија II | | | | |
| | Ризична категорија III | | | | |
| Број на казнувања според видот на казнената мерка | Опомена | | | | |
| | Глоба | | | | |
| | Друго | | | | |

| | | |
|---|---|---|
| **ПРОЦЕНКА НА ВКУПНОТО КОЛИЧЕСТВО НА ПРЕВЕЗЕНИ ОПАСНИ МАТЕРИИ** | .................................... т | или.................................. т.км |